СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Петок, 21 ноември 1997 Скопје
Број 59 Год. LIII

Аконтацијата за 1997 година изнесува 6.400 денари. Овој број чини 100 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

1125.

Врз основа на член 84, став 1, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91), Претседателот на Република Македонија донесе

УКАЗ

ЗА ПОСТАВУВАЊЕ ШЕФ НА МИСИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРИ НАТО

Се поставува

I

Јован Теговски, вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Кралството Белгија, Кралството Холандија, Големото Војводство Луксембург и шеф на Мисијата на Република Македонија во Европската унија, за шеф на Мисијата на Република Македонија при НАТО, со седиште во Брисел.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила веднаш.

Указ број 51
18 ноември 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

1126.

Врз основа на член 37, став 2 од Законот за надворешно-трговско работење („Службен весник на РМ“ бр.31/93, 41/93, 78/93, 59/96 и 15/97) и член 46 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 17.11.1997 година, донесе

УРЕДБА

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОТВОРАЊЕ И РАБОТА НА ПРЕТСТАВНИШТВА НА СТРАНСКИ ЛИЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Уредбата за поблиските услови за отворање и работа на претставништва на странски лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/95), во членот 4, ставот 4, како и членот 7 се бришат.

Член 2

Во членот 10, после зборовите „Со парична казна од 50 до 150 плати ќе се казни за стопански престап странското лице“, се додаваат зборовите „ако врши работи кои не се утврдени со оваа уредба (член 4) и“.

Член 3

Во членот 11, зборовите „и ако до 31 март тековната година не му достави на Министерството за надворешни работи извештај за својата работа во изминатата година (член 7)“, се бришат.

Член 4

Во членот 12, после ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи: „започнатите агенциски работи во воздушниот сообраќај странското лице е должно да ги заврши најдоцна до 28.02.1998 година“.

Член 5

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.23-2583/1
17 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1127.

Врз основа на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.4/95) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 17.11.1997 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ГРАДБА ЗА ОБЈЕКТОТ „РАБОТИЛНИЦА ЗА ФИНАЛИЗИРАЊЕ НА ДРВЕНИ ЕЛЕМЕНТИ-ГАЈБИ“, ШТО ТРЕБА ДА СЕ ГРАДИ ВО ОПШТИНАТА НЕГОТИНО

1. Со оваа одлука се определуваат услови за градба на објектот „Работилница за финализирање на дрвени елементи – гајби, што треба да се гради во Општината Неготино, КО „Неготино“, м.в. „Манастир“, на КП бр.5104, сопственост на Трајков Стевчо кој е и сопственик на ППТУ „Бука“ од Неготино, кој се јавува како инвеститор, и се определува земјиштето кое му припаѓа на објектот за неговата редовна употреба.

2. Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог-ситуација во М 1:500, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.23-2623/1
17 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1128.

Врз основа на член 34 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ“ бр.44/95 и 34/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр.38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 17.11.1997 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „СТРАШО ПИНЦУР“ – НЕГОТИНО

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Страшо Пинцур“ – Неготино, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 10.11.1997 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.23-2623/1
17 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1129.

Врз основа на член 34 од Законот за средно образование („Службен весник на РМ" бр.44/95 и 34/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 17.11.1997 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ДРЖАВНОТО УЧИЛИШТЕ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА „МЕТОДИЈА МИТЕВСКИ – БРИЦО" – СКОПЈЕ

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Државното училиште за физичка култура „Методија Митевски – Брицо" – Скопје, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 21.03.1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.23-1014/1
17 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1130.

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за приватизација на државниот капитал во претпријатијата („Службен весник на СРМ" број 37/96) и член 46 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 17.11.1997 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДАЖБА НА ДРЖАВНИОТ КАПИТАЛ ВО ДОО „ОГЛЕДАЛА – ОХРИД

Член 1

Во Одлуката за продажба на државниот капитал во ДОО „Огледала" – Охрид („Службен весник на РМ" бр. 62/96) член 1 се менува и гласи:

„Да се изврши продажба на целокупниот државен капитал во висина од 37,21% од вкупната главнина на претпријатието, односно удели во вкупен износ од 296.352 ДЕМ, денарска противвредност".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-2672/1
17 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1131.

Врз основа на член 17-б од Законот за промет со земјишта и згради („Службен весник на РМ" бр. 36/75, 41/75, 10/79, 51/88, 38/91 и 4/93) и член 46 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 17.11.1997 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КУПУВАЊЕ НА НЕДВИЖНОСТ БРОЈ 23-2365/1 ОД 20.10.1997 ГОДИНА

Член 1

Во членот 1, став 1, алинеја 3, после зборовите АД „Македонија" и во алинеја 7 од истиот член после зборовите ЗПТП „Дуброво" се додаваат зборовите, „во стечај".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-2365/2
17 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1132.

Врз основа на член 33, став 2 од Законот за буџети („Службен весник на РМ" бр. 79/93 и 3/94) и член 46 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 17.11.1997 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО ПОСЕБНИОТ ДЕЛ УТВРДЕН СО БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1997 ГОДИНА

Член 1

Во Буџетот на Република Македонија за 1997 година („Службен весник на РМ" бр. 71/96 и 54/97) се вршат следниве измени на распоредот на средствата во посебниот дел:

1. Во Раздел 04002 Служба за заеднички работи на Владата на Република Македонија, потставка 424072 – Издатоци за авио служба износот „29.830.000" се заменува со износот „26.330.000", потставка 420050 – Патувања во странство – хранарина (дневница) износот „1.500.000" се заменува со износот „2.500.000", потставка 420069 – Патување во странство – патни трошоци износот „1.800.000" се заменува со износот „2.800.000" и потставка 420077 – Патување во странство – сместување износот „4.170.000" се заменува со износот „5.670.000".

2. Во Раздел 06001 Министерство за внатрешни работи, потставка 402010 – Надомест за превоз, износот „45.910.000" се заменува со износот „52.500.000", потставка 420018 – Патување во земјата – дневници износот „5.410.000" се заменува со износот „8.500.000", потстаква 420050 – Патување во странство – дневници износот „1.332.000" се заменува со износот „3.500.000", потставка 420069 – Патување во странство – патни трошоци, износот „2.892.000" се заменува со износот „3.000.000" потставка 420077 – Патување во странство – сместување, износот „477.000" се заменува со износот „2.500.000", потставка 421014 – Струја, износот „18.080.000" се заменува со износот „22.000.000", потставка 423114 – Материјали за МВР, износот „120.000.000" се заменува со износот „94.901.000", потставка 468096 – Основно и специјално одржување, износот „16.800.000" се заменува со износот „24.000.000".

3. Во Раздел 18001 – Министерство за култура, потставка 420077 – Патувања во странство – сместување, износот „50.000" се заменува со износот „400.000", потставка 420085 – Патувања во странство – споредни трошоци износот „50.000" се заменува со износот „400.000" и потставка 426130 – Надоместоци за надворешни соработници износот „3.300.000" се заменува со износот „2.600.000".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-2608/1
17 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1133.

Врз основа на член 43 став 3 од Законот за одбрана („Службен весник на РМ", број 8/92 и 30/95), министерот за одбрана донесе

ПРАВИЛНИК
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЗНАЦИТЕ ЗА ТРЕВОЖЕЊЕ

Член 1

Во Правилникот за знаците за тревожење („Службен весник на РМ", број 52/92, 58/92-исправка, 63/96 и 4/97-исправка), во член 3 став 1, зборовите „или единиците за тревожење на службите за набљудување и известување на општините (освен скопските) и градот Скопје" се бришат.

Член 2

По членот 6 се додава нов член 6-а, кој гласи:

„Член 6-а

Системите за тревожење на Република Македонија во услови на мир, освен за потребата пропишана во членот 5 од овој правилник, можат да се активираат ако настане:

– ненадејно рушење на брани, како резултат на што ќе следат поплави кои можат да предизвикаат масовни човечки жртви и големи уништувања на материјалните добра и потенцијали и

– ненадејни техничко-технолошки несреќи и акциденти, хемиски катастрофи и други несреќи од кои постојат опасности за масовни човечки жртви и други уништувања и загадувања на градовите и населените места во Република Македонија".

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.01-3579/3
11 ноември 1997 година
Скопје

Министер за одбрана,
д-р **Лазар Китаноски**, с.р.

1134.

Врз основа на член 45 и 46 од Законот за издавање и тргување со хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија", бр. 7/97), согласно Одлуката на Комисијата за хартии од вредност донесена на седницата одржана на 05.11.1997 година, Комисијата издава

РЕШЕНИЕ
ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

1. На „Сокомак Битола" А.Д. Битола се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност – втора емисија на акции во вредност од 452.700 ДМ или во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија на ден 12.08.1997 година во износ од 13.997.484,00 денари.

2 Издавачот на долгорочните хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвиден со Законот и Одлуката за нивно издавање.

3. Комисијата за хартии од вредност при Владата на Република Македонија не препорачува како запишувачи и купувачи на акции од оваа емисија на друштвото да се јават акционери кои до сега немаат инвестирано во друштвото.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

5. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 01-78/1
10 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Комисијата,
проф. д-р **Љубе Трпески**, с.р.

1135.

Врз основа на член 45 и 46 од Законот за издавање и тргување со хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија", бр. 7/97), согласно Одлуката на Комисијата за хартии од вредност донесена на седницата одржана на 05.11.1997 година, Комисијата издава

РЕШЕНИЕ
ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

1. На „Тетовска Банка" А.Д. Тетово се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност – четврта емисија на акции во износ од 108.501.000,00 денари.

2. Издавачот на долгорочните хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвиден со Законот и Одлуката за нивно издавање.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

4. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 01-83/1
10 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Комисијата,
проф. д-р **Љубе Трпески**, с.р.

1136.

Врз основа на член 45 и 46 од Законот за издавање и тргување со хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија", бр. 7/97), согласно Одлуката на Комисијата за хартии од вредност донесена на седницата одржана на 05.11.1997 година, Комисијата издава

РЕШЕНИЕ
ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

1. На „Стопанска банка" А.Д. Битола се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност – четврта емисија на акции во износ од 201.000.000,00 денари.

2. Издавачот на долгорочните хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвиден со Законот и Одлуката за нивно издавање.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

4. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 01-79/1
7 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Комисијата,
проф. д-р **Љубе Трпески**, с.р.

1137.

Врз основа на член 80 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Сл. весник на РМ" бр. 27/86 и 17/91), Републичката геодетска управа донесува

РЕШЕНИЕ

Се става во примена установениот катастар на недвижностите за катастарската општина Кочани – Општина Кочани.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 на ова решение, престанува да се применува катастарот за земјиштето, установен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Сл. весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Број 10-2860/1
19 ноември 1997 година
Скопје

Директор,
дипл. геод. инж. **Димитар Цонов**, с.р.

1138.

Уставниот суд на Република Македонија врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92) на седницата одржана на 5 ноември 1997 година, донесе

ОДЛУКА

1. Се укинува Одлуката за промена на имиња на улици во Прилеп, донесена од Собранието на општина Прилеп на 16 ноември 1995 година („Службен гласник" бр. 4/95).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија со решение У. бр. 130/97 од 10 септември 1997 година по повод поднесена иницијатива на Општинскиот одбор на Сојузот на борците на Македонија од Прилеп поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одлуката означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нејзината согласност со Уставот и со Законот за локалната самоуправа.

4. На седницата Судот утврди дека со оспорената одлука се менуваат имињата на 59 улици во Прилеп. Имено во член 1 од одлуката поименично е утврдено кои улици се менуваат.

Во член 2 од Одлуката е предвидено дека составен дел на Одлуката е графичкиот прилог за нумерација на улиците во Прилеп.

Во член 3 е предвидено дека одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на општина Прилеп".

5. Според член 114 од Уставот на Република Македонија на граѓаните им се гарантира правото на локална самоуправа, а единици на локалната самоуправа се општините. Локалната самоуправа се уредува со закон кој се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Во единиците на локалната самоуправа согласно член 115 од Уставот граѓаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење, а особено во областите на урбанизмот, комуналните дејности, културата, спортот, социјалната и детската заштита, предучилишното воспитување, основното образование, основната здравствена заштита и во други области утврдени со закон. Републиката со закон може да ѝ довери вршење на определени работи на општината.

Согласно уставното овластување и обврска, за уредување на локалната самоуправа со закон е донесен Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/95). Според овој закон единици на локалната самоуправа се општините и градот Скопје.

Според член 11 од овој закон основањето и укинувањето на единиците на локалната самоуправа, нивното подрачје, името и седиштето, промената на границите на единиците на локалната самоуправа и другите прашања во врска со територијалните промени на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија, се уредуваат со закон.

Според член 17 од Законот единиците на локалната самоуправа самостојно, покрај другото ги определуваат имињата на улиците, плоштадите, мостовите и други инфраструктурни објекти од локално значење во согласност со закон.

Од изнесените уставни и законски одредби произлегува дека општините кои во претходниот уставен поредок претставуваа посебни општествено-политички заедници, со Уставот на Република Македонија и Законот за локалната самоуправа тие се предвидени како единици на локалната самоуправа со надлежности утврдени со Уставот и со закон.

Со Уставот тие се овластени да одлучуваат за прашања од локално значење и во точно определени области, при што е дадена можност со закон да ѝ се довери вршење и на други работи за кои ќе оцени Републиката. Во таа смисла со Законот за локалната самоуправа единиците на локалната самоуправа се овластени самостојно да одлучуваат за точно конкретно одредени работи, при што одредени работи мора да ги врши во согласност со посебен закон со кој се уредува соодветното прашање. Така, единиците на локалната самоуправа со Законот за локалната самоуправа се овластени да одлучуваат за имињата на улиците, но во согласност со закон.

Во член 29 од Законот се утврдени надлежностите на советот на единицата на локалната самоуправа, при што нема конкретно и изричито овластување за советот да донесува одлука за определување имиња на улици, туку, покрај другите точно наведени овластувања, е предвидено дека советот донесува одлуки со кои ги уредува и остварува надлежностите на единиците на локалната самоуправа.

Имајќи ги предвид уставните и законските одредби за концептот и надлежностите на единиците на локалната самоуправа, Судот смета дека органите на единиците на локалната самоуправа можат самостојно да одлучуваат за одредени прашања за кои се овластени да ги вршат, но во рамките и во согласност со закон, а закон за соодветното прашање не е донесен и не се поблиску утврдени рамките на овластувањето на органот на единицата на локална самоуправа.

Од друга страна, пак, според Законот за локална самоуправа како органи на единиците на локалната самоуправа се советот, градоначалникот, управни и административни органи (член 24 од Законот).

Имајќи го предвид изнесеното, а со оглед на тоа што овластувањето на единиците на локалната самоуправа да ги определуваат имињата на улиците е условено да се врши врз основа на закон, а закон не е донесен, како и со оглед на тоа што собранијата на општините пред влегување во сила на Законот за локална самоуправа не биле надлежни нормативно да ги уредуваат прашањата кои се однесуваат на имињата на улиците Судот оцени дека оспорената одлука не е во согласност со Уставот и со закон.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

6. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Милан Недков и судиите д-р Никола Крлески, д-р Стојмен Михајловски, д-р Јован Проевски, Бесим Селими и д-р Тодор Цунов.

У. бр. 130/97
5 ноември 1997 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија,
д-р **Милан Недков,** с.р.

1139.

Врз основа на член 18 и член 63 точка 15 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ" – Пречистен текст, бр. 29/96), Советот на Народна банка на Република Македонија на LX-та седница одржана на 18.11.1997 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОБЕМОТ И ДИНАМИКАТА НА ПОРАСТОТ НА ДЕНАРСКИТЕ ПЛАСМАНИ НА БАНКИТЕ ВО ДЕКЕМВРИ 1997 ГОДИНА

1. Банките можат да ги зголемат денарските пласмани одобрени на стопанските субјекти во општествена, приватна и мешовита сопственост и на граѓаните до 5,0% на 31 декември 1997 година, во однос на состојбата на тие пласмани на 31.10.1997 година.

По исклучок од став 1 на оваа точка, како пласмани кои не се под ограничување се подразбираат долгорочните денарски кредити одобрени врз основа на наменските денарски депозити на државата.

2. Банките можат меѓусебно да го разменуваат неискористениот дел од порастот на денарските пласмани до висината на дозволениот пораст, во согласност со точка 1 од оваа одлука.

Условите за меѓусебната размена, банките ги договараат со склучување на договор.

За износот на разменетиот лимит (право на пораст на денарските пласмани), банките се должни да ја известат Народна банка на Република Македонија во рок од два дена од склучувањето на договорот со доставување на фотокопија од истиот.

3. Доколку одредени банки покажуваат значителен износ на неискористено право на пораст на денарските пласмани, Народна банка на Република Македонија ќе го распредели неискористениот дел од правото на пораст на денарските пласмани на други банки кои го искористиле утврденото право.

4. Под денарски пласмани, во смисла на оваа одлука, се подразбираат денарските пласмани утврдени во точка I од Одлуката за методологијата за утврдување на вкупните денарски побарувања на банки и штедилници чиј што пораст се ограничува („Службен весник на РМ", бр. 7/97).

5. Заради следење и контрола на спроведувањето на одредбите на оваа одлука, банките ќе ѝ доставуваат на Народна банка на Република Македонија декадни и месечни извештаи за остварената состојба на денарските пласмани. Декадните извештаи се доставуваат во Народна банка на Република Македонија два дена по истекот на декадата. Месечните извештаи се доставуваат врз основа на книговодствената состојба на тие пласмани на крајот на месецот еден ден по рокот предвиден за доставување на КН-БИФО (извештај за книговодствената состојба на сметките на банките).

6. Извештаите од точка 5 на оваа одлука банките ги доставуваат според Упатство што го пропишува гувернерот на Народна банка на Република Македонија.

7. Оваа одлука влегува во сила во рок од 8 дена од објавувањето во „Службен весник на РМ", а ќе се применува од 01.12.1997 година.

О. бр. 02-15/LX-1/97
18 ноември 1997 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
Љубе Трпески, с.р.

1140.

Врз основа на член 18 и член 63 точка 15 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ" – Пречистен текст, бр 29/96), Советот на Народна банка на Република Македонија на LX-та седница, одржана на 18.11.1997 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОБЕМОТ И ДИНАМИКАТА НА ПОРАСТОТ НА ДЕНАРСКИТЕ ПЛАСМАНИ НА ШТЕДИЛНИЦИТЕ ВО ДЕКЕМВРИ 1997 ГОДИНА

1. Штедилниците можат да ги зголемат денарските пласмани одобрени на стопанските субјекти во општествена, приватна и мешовита сопственост и на граѓаните до 5,0% на 31 декември 1997 година, во однос на состојбата на тие пласмани на 31.10.1997 година.

Штедилниците можат да го користат процентот од став 1 од оваа точка за зголемување на пласманите само до висина на основачкиот капитал и висината на прибраните штедни влогови со состојба на 31 10 1997 година.

Доколку прибраните штедни влогови се поголеми од основачкиот капитал, состојбата на денарските пласмани на штедилницата на 31.12.1997 година може да изнесува најмногу до двојната состојба на основачкиот капитал на штедилницата

2. За новоформираните штедилници во периодот јуни 1996 до 31.10.1997 година, како основица за пораст на денарските пласмани се зема износот на основачкиот капитал на денот на основањето.

3. Доколку одредени штедилници покажуваат значителен износ на неискористено право на пораст на денарските пласмани, Народна банка на Република Македонија ќе го распредели неискористениот дел од правото на пораст на денарските пласмани на други штедилници кои го искористиле утврденото право

4. Под денарски пласмани, во смисла на оваа одлука, се подразбираат денарските пласмани утврдени во точка II од Одлуката за методологијата за утврдување на вкупните денарски побарувања на банки и штедилници чиј што пораст се ограничува („Службен весник на РМ", бр. 7/97).

5. Заради следење и контрола на спроведувањето на одредбите на оваа одлука, штедилниците ќе ѝ доставуваат на Народна банка на Република Македонија декадни и месечни извештаи за остварената состојба на денарските пласмани. Декадните извештаи се доставуваат во Народна банка на Република Македонија два дена по истекот на декадата. Месечните извештаи се доставуваат врз основа на книговодствената состојба на тие пласмани на крајот на месецот еден ден по рокот предвиден за доставување на КН-БИФО (извештај за книговодствената состојба на сметките на банките).

6. Извештаите од точка 5 на оваа одлука штедилниците ги доставуваат според Упатство што го пропишува гувернерот на Народна банка на Република Македонија.

7. Оваа одлука влегува во сила во рок од 8 дена од објавувањето во „Службен весник на РМ", а ќе се применува од 01.12.1997 година.

О. бр. 02-15/LX-2/97
18 ноември 1997 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
Љубе Трпески, с.р.

1141.

Врз основа на член 63 точка 30 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ", бр. 29/96 – пречистен текст), Советот на Народна банка на Република Македонија, на својата LX-та седница, одржана на 18.11.1997 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕЃУБАНКАРСКИ ПАЗАР НА ПАРИ СО ПОСРЕДСТВО НА НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Одлуката за спроведување на меѓубанкарски пазар на пари со посредство на Народна банка на Република Македонија, донесена од Советот на Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ", бр. 9/96) престанува да важи.

2. Оваа одлука влегува во сила во рок од 8 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

О. бр. 02-15/LX-3/97
18 ноември 1997 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
Љубе Трпески, с.р.

ЗАЕДНИЧКА ЛИСТА НА КАНДИДАТИ ЗА ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД ИЗБОРНАТА ЕДИНИЦА БР. 73, ОПШТИНА ТЕТОВО

Изборната комисија на Изборната единица бр. 73, општина Тетово, откако утврди дека предлагањето и утврдувањето на кандидатите е извршено согласно Законот, ја утврди Заедничката листа на кандидатите и тоа:

1. Арбен Џафери – Партија за демократски просперитет на Албанците,
– Народна демократска партија;
2. Зоран Серафимовски – Социјал-демократски сојуз на Македонија;
3. Јагнула Куновска – Демократска партија на Македонија.

ИЗБОРНА КОМИСИЈА НА ИЗБОРНАТА ЕДИНИЦА БР. 73, ОПШТИНА ТЕТОВО

Во Тетово, 14.11.1997

Секретар,
Марија Тодоровска, с.р.

Претседател,
Јордан Велковски, с.р.

По извршеното срамнување на изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" број 53/97), се поткраднала грешка поради што се дава

ИСПРАВКА
НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Во членот 13 наместо зборовите: „Во член 146 став 1 се менува и гласи:" треба да стојат зборовите: „Во член 146 став 1 уводната реченица и точката: 1), 2) и 3) се менуваат и гласат:".

Број 13-3659/1
11 ноември 1997 година
Скопје

Од Законодавно-правната
комисија на Собранието на
Република Македонија

По извршеното срамнување со изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Одлуката за избор на членови на Советот за радиодифузија („Службен весник на Република Македонија" број 35/97), се поткраднала грешка поради што се дава

ИСПРАВКА
НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА

Во делот I точка 8 наместо „Фетаху" треба да стои „Фетаи".

Број 13-3562/1
11 ноември 1997 година
Скопје

Од Законодавно-правната
комисија на Собранието на
Република Македонија

ОПШТИ АКТИ НА ФОНДОВИТЕ И ЗАВОДИТЕ

ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

22.

Врз основа на член 127 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Сл. весник на Република Македонија" бр. 80/93, 3/94, 14/95, 71/96 и 32/97) и член 35 од Статутот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Сл. весник на Република Македонија" бр. 50/94), Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 18.11.1997 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА КОИ СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ ВО РУДНИКОТ „БАЊАНИ" СКОПЈЕ

Член 1

Во Рудникот „Бањани" од Скопје како работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, во смисла на член 125 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, се утврдуваат следните:

1. Ракувач на машина за товарење и булдожер	12/14 месеци
2. Сменски работоводител	12/13 месеци
3. Одговорен техничар за лабораторија	12/13 месеци

Член 2

Стажот на осигурување што се смета со зголемено траење на работниците распоредени на работните места од член 1 на оваа одлука се смета од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, а најрано од денот од кога се распоредени на тие работни места, под услов за тој период да се плати додатниот придонес за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење.

Член 3

Дека осигуреникот врши работи и задачи од член 1 на оваа одлука ќе се утврди врз основа на документацијата со која располага работодавецот.

Член 4

Фактичката состојба за работниците што се распоредени на работните места од член 1 на оваа одлука ја утврдува комисијата, составена од по еден претставник на Стручната служба на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на работодавецот и на органот на управата надлежен за работите на инспекција на трудот.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-6133
18 ноември 1997 година
Скопје

Претседател
на Управниот одбор,
Ѓорѓи Атанасов, с.р.

23.

Врз основа на член 160 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Сл. весник на РМ" бр. 80/93, 3/94, 14/95, 71/96 и 32/97), Управниот одбор на фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 18.11.1997 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ ПРИДОНЕС ЗА ПРОДОЛЖЕНО ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на основицата за пресметување и плаќање на придонесот за продолжено пензиско и инвалидско осигурување (продолжено осигурување).

Член 2

За осигурениците во продолжено осигурување за време на стручно усовршување или образование, на престој во странство како брачен другар, по престанокот на работниот однос на брачен другар на активно воено лице преместено поради потреба на службата, основица за пресметување и плаќање на придонесот за продолжено осигурување се зема просечната плата остварена во годината во која на осигуреникот му престанало задолжителното осигурување.

Основицата на осигурување од став 1 на овој член се усогласува во почетокот на секоја календарска година со порастот на просечната плата во Републиката во таа година.

До објавување на статистичките податоци за порастот на платата за годината за која се врши усогласување, осигуреникот плаќа аконтација тековно усогласена со просечниот пораст на платите во Републиката.

Член 3

Основицата на осигурување од член 2 на оваа одлука не може да биде пониска од 65% од просечната нето плата по работник во стопанството во Републиката објавена за тековната година.

Член 4

Основицата на осигурување од член 3 на оваа одлука служи за пресметување и плаќање придонес за продолжено осигурување за невработените лица по престанок на паричниот надоместок, како и за лицата кои имале својство на осигуреник во доброволно пензиско и инвалидско осигурување според Законот за пензиското и инвалидското осигурување, што се применуваше до 31 декември 1993 година.

Член 5

Придонес за продолжено осигурување се плаќа по стапка пресметана во нето износ од стапката за плати и придонесот за пензиско и инвалидско осигурување.

Член 6

Придонесот за продолжено осигурување се плаќа месечно, и тоа до 30-ти во месецот за изминатиот месец.

Доколку осигуреникот не го плати придонесот во рокот од став 1 на овој член, му престанува правото на продолжено осигурување.

Член 7

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за продолжено пензиско и инвалидско осигурување („Сл. весник на РМ" бр. 50/94).

Член 8

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на РМ".

Број 02-6132
18 ноември 1997 година
Скопје

Претседател
на Управниот одбор
Ѓорѓи Атанасов, с.р.

Огласен дел

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I - СКОПЈЕ

Пред Основниот суд Скопје I - Скопје, поднесена е тужба за развод на брак од тужителката Марица Ивановска од Скопје, ул."Мајски Манифест" бр. 7, Ѓорче Петров, против тужениот Ратеб Хамрави, со непозната адреса на живеење во странство.

Се повикува тужениот Ратеб Хамрави да се јави во Основниот суд Скопје I - Скопје, во рок од 30 дена по распишувањето на огласот или да одреди полномошник кој ќе ги штити неговите интереси. Во спротивно, на тужениот ќе му биде одреден привремен застапник кој ќе го застапува пред судот до правосилното окончување на постапката.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, XVIII. П. бр. 3593/97. (16641)

Пред Основниот суд Скопје I - Скопје поведена е постапка за развод на брак по тужбата на тужителот Ќемаил Мјаки против тужената Розета Мјаки, со непозната адреса на живеење. За привремен застапник на тужената ѝ е поставена адвокатот Наташа Огњановска, која ќе ја застапува тужената, се додека таа или нејзиниот полномошник не се појават пред судот.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, III П.бр. 1010/97. (16654)

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ

Основниот суд Скопје II - Скопје, поведе постапка за издвојување дел од оставина по тужбата на Мирослав Богоевски од Скопје, против тужениот Златко Богоевски од Скопје и други,а сега со непозната адреса во Австралија.

За привремен застапник на тужениот Златко Богоевски му е поставена Виолета Величковска, адвокат од Скопје, ДТЦ "Мавровка" Кат V/3.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, IV П.бр. 2306/97. (16821)

Пред Основниот суд Скопје II - Скопје, заведен е спор за развод на брак по тужбата на тужителката Снежана Петрушевска од Скопје, ул."501" бр. 5, н.м. Илинден, против тужениот Ѓоко Петрушевски од Скопје, ул."501" бр. 5, н.м. Илинден, сега со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужениот Ѓоко Петрушевски да се јави во судот во рок од 30 дена сметано од денот на објавувањто на судскиот оглас или во истиот рок да ја достави својата сегашна адреса на живеење. Во спротивно, ќе му биде поставен привремен старател кој ќе ги застапува неговите интереси во спорот.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, III П.бр. 1010/97.

Пред овој суд се води постапка по основ работен спор по тужбата на тужителите Гора Станојковска и Олга Живковска од Скопје, против тужените Димче Торевски, Арифи Хасан и Јадранка Миленковска од Скопје со непознато место на живеење во рок од 30 дена по објавувањето на огласот да се јават во Основниот суд Скопје II - Скопје или во тој рок да доставаат своја адреса или престојувалиште, или да назначат свој полномошник.

Доколку тужените не се јават во рок од 30 дена, нивните интереси во постапката ќе ги штити привремен застапник поставен од Меѓуопштинскиот центар за социјални работи на општините на Град Скопје, се додека тие лично или нивниот полномошник не се појават во судот.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, XIX. П.бр. 164/96. (16827)

Пред Основниот суд Скопје II - Скопје во тек е парнична постапка за надомест на штета и долг по тужбата на тужителот Страшо Бошков од Скопје, против тужените Димче и Марионка Манасиевски од Скопје со непозната адреса на живеење. Вредност на спорот 38.000,00 денари.

На туженот Димче Манасиевски, поставен му е привремен застапник и тоа адвокатот м-р Радован Нешковиќ од Скопје, ул."Битпазарска" бр. 135 кој ќе ги штити интересите на туженот до правосилното завршување на постапката.

Се повикува туженот во рок од 30 дена од објавувањето на огласот лично, или, преку полномошник да се јави во судот и да ја преземе постапката. Во спротивно, истата ќе продолжи преку привременот застапник.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, П.бр. 3985/95. (17096)

ОСНОВЕН СУД ВО ГОСТИВАР

Пред Општинскиот суд во Гостивар се водела постапка за развод на брак по тужбата на тужителот Рушити Аќиф Амет од с. Чајле, против тужената Рушити родена Фетаи Флориме од с. Врањовце и со пресуда П.бр. 836/94 од 25.VIII.1995 година, е разведен бракот склучен помеѓу истите.Тужената Рушити Флориме, сега предлагачка, поднела предлог за повторување на постапката на пресудата П.бр.836/94 од 27.VIII.1995 година, бидејќи сега предлагачката е со точна адреса на живеење и не биле исполнети условите предвидени во член 421 точка 9 од ЗПП.

На закажаното рочиште од судот на 08.IV.1997 година не се јави противникот Рушити Афет, кој е со непозната адреса во Р. Германија.Судот за негов привремен застапник го назначи Герасимоски Геро, стручен соработник, при Основниот суд во Гостивар, кој ќе го застапува противникот се додека не се појави пред судот, односно додека органот за старателство не го извести судот дека му поставил старател.

Од Основниот суд во Гостивар,П.бр. 834/94. (16820)

ОСНОВЕН СУД ВО РЕСЕН

Се повикува лицето Свентаровски Панде од Ресен со последно место на живеење во Ресен како и секој друг што знае за него, или, за неговиот живот да се јави во Основниот суд во Ресен во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ". Во спротивно, неговата смрт ќе се докаже по постапката што следува.

Од Основниот суд во Ресен, Вип.бр. 55/97. (17066)

ОСНОВЕН СУД ВО ТЕТОВО

Пред овој суд во тек е постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Ајрули Фатмире од с. Г.Палчиште, против туженот Ајрули Башким од с. Камењане, а сега со непозната адреса во странство.

Се повикува туженот да се јави во судот во рок од 15 дена од објавувањето на огласот, или овласти свој полномошник. Во спротивно, судот по службена должност ќе му постави привремен застапник преку Центарот за социјални работи - Тетово, кој ќе се грижи за неговите права и интереси до правосилното окончување на спорот.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр. 1406/97. (16818)

ОСНОВЕН СУД ВО КУМАНОВО

Пред овој суд е поднесена тужба за развод на брак од тужителката Лозана Трајковска од Куманово, ул."7" бр. 26, против туженот Моме Трајковски со непозната адреса вработен во Русија. Со тужбата се бара доделување на деца и издршка на тужителката и децата.

Бидејќи туженот е со непозната адреса се повикува во рок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот да се јави во судот или именува свој полномошник кој ќе го застапува во постапката до нејзиното окончување.

Доколку туженот во определениот рок не се јави, односно не именува свој полномошник, судот ќе му постави привремен застапник Аница Аргировска, стручен соработник при Основниот суд во Куманово, која ќе ги штити интересите на туженот до окончување на постапката.

Од Осннвниот суд во Куманово. (16819)

ОСНОВЕН СУД ВО ШТИП

Пред Основниот суд во Штип се води постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Јагода Николова од Штип, булевар "ЈНА" бр. 10/17, против туженот Ангелчо Николов од с. Таринци - Штип, а сега со непозната адреса во Полска.

Се повикува туженот да се јави во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во Основниот суд во Штип, или овласти свој полномошник.

Доколку туженот тоа не го стори во определениот рок, судот ќе му постави приврмен старател, кој ќе се грижи за неговите права и интереси до правосилното окончување на постапката.

Од Основниот суд во Штип, П.бр. 952/97. (16817)

ЗАПИШУВАЊЕ ВО СУДСКИОТ РЕГИСТАР

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 5607/97, на регистарска влошка бр. 1-25313-0-0-0, го запиша во судскиот регистар проширувањето на дејностите на Претпријатието во приватна сопственост за трговија на големо и мало, производство, услуги и увоз-извоз „МИНИПРОМ" ц.о. Скопје, бул. „АВНОЈ" бр. 74.

Дејности: 090171, 013022, 013122, 080190, 110904, 090189, 01302.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 5607/97. (15892)

Основниот суд Скопје I Скопје со решението Срег.бр. 2117/97, на регистарска влошка 6-02000623-000-01, го запишa во судскиот регистар упис на ТП „ВИТА ПРОМ" промет на мало со мешовити прехранбени производи Лила Владо Давидовска ул. „Маршал Тито" бб Крива Паланка.

Основач: Лила Владо Давидовска ул. „Прохор Пчински" бр. 39.

Дејности: 070111 – леб, млеко, млечни производи; 070112 – зеленчук, овошје и преработки; 070113 – преработки од месо и риба; 070114 – разни животни продукти, алкохолни пијалоци и производи за домашна употреба; 070129 – тутун и други непрехранбени производи.

Во правниот промет со трети лица трговецот поединец истапува во свое име и за своја сметка, а за обврските сторени во правниот промет одговара лично со целиот свој имот.

Лила Давидовска управител со неограничено овластување.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег.бр. 2117/97 (15837)

Основниот суд Скопје I Скопје со решението Трег.бр. 2077/97, на регистарска влошка 6-02000574-000-01, го запишa во трговскиот регистар основање на трговец-поединец парфимерија Т.П. „ЛАРА" Лазовски Јован Рахилка ул. „Благој Ѓорев" бб п+4 Велес.

Дејности: 070132 – парфимериски производи, бижутерија; 070129 – тутун и др. непрехранбени производи.

Трговец-поединец во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка, а за сторените обврски одговара со целиот свој имот.

Рахилка Лазовска – управител, без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Трег.бр.2077/97 (15838)

Основниот суд Скопје I Скопје со решението Срег.бр. 1978/97, на регистарска влошка 7-02000577-000-09, го запишa во судскиот регистар Јавно комунално претпријатие „Сопиште" с. Сопиште ул. „2" бр. 2.

Основач: Совет на општина Сопиште, с. Сопиште ул. „2„ бр. 2, со Одлука за основање на јавно комунално претпријатие на општина Сопиште бр. 08-01/15.

Дејности: 060601, 100102, 100103, 100310, 100320, 100351, 100352, 100391, 100392, 100399; обработка и испорака на технолошка вода; одведување и испуштање на атмосферски води; одржување на јавно осветлување; одржување и користење на јавниот простор за паркирање; одржување и користење на пазари на големо и мало; одржување на комунални уреди; отстранување и чување на непрописно паркирани возила, ерадикација на животни скитници, украсување на населените места, одржување на јавни санитарни јазли, аерозапрашување, дезинфекција, дератизација и слично.

Јавното претпријатие во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка. За обврските сторени во правниот промет јавното претпријатие одговара со сите свои средства.

